# Последните сведоци
## (сто недетски раскази)

Светлана Алексиевич

The publication was effected under the auspices of the Mikhail Prokhorov Foundation TRANSCRIPT Programme to Support Translations of Russian Literature

**БИБЛИОТЕКА – *НА ПАТ***

*Уредник*
**Филип Димевски**

*Јазична редакција*
**Филип Димевски**

*Наслов на оригиналот:*
**Светлана Александровна Алексиевич**
***Последние свидетели***

**Copyright © 2013 by Svetlana Alexievich**

*Компјутерска обработка*
**Бегемот**

*Ликовно уредување*
**Бојан Димитријевиќ**

---

© Сите права на изданието ги има БЕГЕМОТ ДООЕЛ – Скопје. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

# Последните сведоци

## (сто недетски раскази)

Светлана Алексиевич

*превод од руски јазик*
**Андреј Јованчевски**

Бегемот

Скопје, 2017

*Наместо коментари,*
*за кои авторот нема зборови*

„За време на Големата татковинска војна (1941-1945) загинаа милиони советски деца: Руси, Белоруси, Украинци, Евреи, Татари, Летонци, Казаци, Узбеци, Ерменци, Таџици...“

„Некогаш Достоевски го поставил прашањето: ќе им се најде ли оправдание на светот, на нашата среќа, па дури и на вечната хармонија, доколку во нивно име, заради цврстината на темелот, е пролеана макар една солзичка на невино дете? И самиот одговорил – таа солзичка не оправдува ниту еден прогрес, ниту една револуција. Ниту една војна. Таа секогаш ќе натежне. Само една солзичка.“

*Од различни извори*

„Се плашеше да се обѕрне...“
*Жења Бељкевич – 6 години.*
*Сега – работничка.*

Јуни четириесет и првата година...

Запомнив. Бев сосема малечка, но сè запомнив...

Последното што го запомнив од мирниот живот беше сказната што мама ми ја читаше пред спиење. Омилената сказна – за златната рипка. Секогаш барав нешто од златната рипка: „Златна рипко... Драга златна рипко...“ И сестричката бараше. Таа поинаку бараше: „По заповед на штуката, но и по моја желба...“[1] Сакавме да појдеме на летување кај баба и тато да дојде со нас. Тој беше толку весел човек.

Изутрината се разбудив од страв. Од некакви непознати звуци...

Мама и тато мислеа дека спиеме, а јас лежев со сестричката и се преправав дека спијам. Видов како тато долго ја бакнува мама, ѝ го бакнуваше лицето, рацете, а јас се чудев: никогаш порано не ја бакнувал така. Излегоа во дворот фатени за раце, а јас скокнав на прозорецот – мама беше висната околу вратот на тато и не го пушташе. Тој ја оттргна од себе и истрча, а таа го стигна и повторно не го пушташе и нешто извикуваше. Тогаш и јас викнав: „Тато! Тато!“ Се разбудија и сестричката и Васја, братчето. Сестричката виде дека плачам и таа викна: „Тато!“ Сите излеговме на тремот: „Тато!“ Татко ни нè виде и – помнам како да е денес – си ја покри главата со рацете и појде, истрча. Се плашеше да се обѕрне.

---

[1] Фраза од народната приказна за Емелјан Будалетинката и штуката, која служи како увертира во желбите на јунакот што му ги исполнува штуката, како благодарност за спасениот живот. (заб. на прев.)

Сонцето ми светеше в лице. Толку беше топло... И сега не ми се верува дека татко ми тоа утро заминуваше во војна. Бев сосема малечка, но ми се чини дека разбирав дека го гледам за последен пат. Никогаш повеќе нема да го сретнам. Бев сосема... сосема малечка...

Така и ми се врза во сеќавањето, дека војната е кога го нема тато...

А потоа помнам: црно небо и црн авион. Покрај коловозот лежи мама со раскинати раце. Ја молиме да стане, а таа не станува. Не се крева. Војниците ја завиткаа во шаторско крило и ја закопаа во песокот, на истото место. Ние врескавме и молевме: „Не закопувајте ја мама во дупката. Ќе се разбуди и ќе продолжиме." По песокот ползеа некакви големи бубачки... Не можев да си замислам како мама ќе живее со нив под земјата. Како ќе ја најдеме потоа, како ќе се сретнеме? Кој ќе му пише на тато? Некој од војниците ме праша: „Девојче, како се викаш?" – А јас заборавив. „Девојче, а како се презиваш? Како се вика мајка ти?" – Не се сеќавав... Седевме покрај мамината грпка до ноќта. Додека не нè земаа и нè сместија во селска кола. Нè возеше некој старец кој ги собираше сите по патот. Стигнавме во туѓо село и туѓинци нè распоредија по куќите.

Долго не зборував. Само гледав.

Потоа, се сеќавам, беше лето. Светло лето. Туѓа жена ме гали по главата. Се расплакувам. И почнувам да зборувам... Да раскажувам за мама и тато. Како тато истрча од нас и дури не се ни обѕрна... Како мама лежеше... Како лазеа бубачките по песокот...

Жената ме галеше по главата. Во тие мигови сфатив дека личи на мајка ми...

„Мојата прва и последна цигара..."
*Гена Јушкевич – 12 години.*
*Сега – новинар.*

Утро, прв ден од војната...
Сонце. И необична тишина. Несфатлив молк.

Нашата сосетка, жена на војник, излезе во дворот сета во солзи. Нешто ѝ шепна на мама, но ѝ даде знак да молчи. Сите се плашеа да го кажат наглас она што се случи, дури и тогаш кога сите знаеја, бидејќи некој веќе им пренел. Но се плашеа да не ги наречат провокатори. Паничари. А тоа е пострашно од војната. Се плашеа... Така сега мислам... И, се разбира, никој не веруваше. Што ви е! Нашата армија е на границата, нашите челници – во Кремљ. Земјата е добро заштитена, непристапна за непријателите! Тогаш така си мислев... Бев пионер.

Го вртевме радиото. Го чекавме обраќањето на Сталин. Беше потребен неговиот глас. Но Сталин молчеше. Потоа се обрати Молотов. Сите слушавме. Молотов рече: „Војна." Сепак, сѐ уште никој не веруваше. Каде е Сталин?

Над градот прелетаа авиони... Десетици непознати авиони. Со крстови. Го покрија небото, го помрачија сонцето. Ужас! Се исипаа бомби... Непрекинато се слушаа експлозии. Трескот. Сѐ се случуваше како насон. Не најаве. Веќе не бев мал, ги запаметив своите чувства. Својот страв, кој се расползи по целото тело. По сите зборови. Мисли. Истрчавме од дома, бегавме некаде по улиците... Ми се чинеше дека веќе го нема градот, туку само урнатини. Чад. Оган. Некој рече: да бегаме на гробиштата, бидејќи гробиштата нема да ги бомбардираат. Зошто би ги бомбардирале мртвите? Во нашиот реон имаше големи еврејски гробишта, со стари дрвја. И сите се вдадоа натаму, таму се собраа илјадници луѓе. Ги прегрнуваа камењата, се криеја зад плочите.

Таму со мајка ми преседовме до ноќта. Никој наоколу не го изговараше зборот „војна", слушав друг збор – „провокација". Сите го повторуваа. Се зборуваше дека нашата војска само што не преминала во офанзива. Сталин дал наредба. И во тоа верувавме.

Но цела ноќ завиваа фабричките сирени на периферијата од Минск...

Првите убиени...

Првиот... видов убиен коњ... Потоа... убиена жена... Тоа ме зачуди. Јас си замислував дека во војна убиваат само мажи.

Се будам изутрината... Сакам да избегам, а потоа се присетувам – војна е, и ги затворам очите. Не сакам да поверувам.

На улиците престанаа да пукаат. Наеднаш тишина. Неколку денови беше тивко. И потоа наеднаш започна движење... Доаѓа, на пример, бел човек, целиот бел – од чизмите до косата. Во брашно. И носи на себе бела вреќа. Друг трча... Од џебовите му испаѓаат конзерви, во рацете носи конзерви. Бонбони... Пакетчиња тутун... Некој носи пред себе капа со шеќер... Лонец со шеќер... Не се опишува! Еден човек влече ролна ткаенина, друг оди сиот обвиен во басма. Црвена... Смешно е, но никој не се смее. Ги бомбардирале складиштата со храна. Големата продавница близу до нашиот дом... Луѓето се нафрлиле да го разграбаат она што останало таму. Во шеќераната неколку луѓе се удавиле во бочвите со шеќерна меласа. Ужас! Целиот град грицкаше семки. Некаде откриле складиште со семки. Пред моите очи една жена дотрча до продавницата... Немаше ништо со себе – ниту торба, ниту мрежа – решението го слече од себе. Гамашите. И ги нагмечи со елда. Ги одвлечка. Од некоја причина – сето тоа молкум. Никој не разговараше. Кога ја викнав мама, имаше останато само сенф, жолти тегли со сенф. „Не земај ништо“ – ме молеше мама. Подоцна призна дека ѝ било срам, бидејќи целиот живот ме учеше на нешто друго. Дури и кога гладувавме и се сеќававме на тие денови, сепак за ништо не жалевме. Таква беше мајка ми.

Низ градот... По нашите улици спокојно се шетаа германски војници. Снимаа сѐ на филмска лента. Се смееја. До војната имавме една омилена игра, цртавме Германци. Ги цртавме со големи заби. Со песјаци. А тука минуваат... Млади, убави... Со убави гранати закачени за рабовите на високите цврсти чизми. Свират на усни хармоники. Дури и се шегуваат со нашите убави девојки.

Еден постар Германец влечеше некаков сандак. Тежок сандак. Ме викна и ми покажа да му помогнам. Сандакот имаше две рачки, се фативме за нив. Кога го донесовме каде што требаше, Германецот ме потчукна по рамото и извади од џебот пакетче цигари. Еве ти, што се вели, плата. Си дојдов дома. Не можев да издржам, седнав во кујната и запалив. И не слушнав кога чукна вратата и влезе мама:

– Пушиш?

– Мхм...

– А чии се цигарите?

– Германски.

– Пушиш, па уште и непријателски цигари. Тоа е предавство на Татковината.

Тоа беше мојата прва и последна цигара.

Еднаш навечер мама седна покрај мене:

– Не можам да поднесам што се тука. Ме разбираш ли?

Сакаше да се фрли. Уште од првите денови. Решивме да бараме партизани, не се сомневавме дека ги има. Ниту за миг не се посомневавме.

– Те сакам повеќе од сите на светот – ми рече мама. – Но ти ме разбираш, нели? Ќе ми простиш ако се случи нешто со нас?

Се вљубив во мајка ми, ја слушав беспоговорно. И потоа тоа остана така за цел живот.

„Баба ми се молеше...

Се молеше да ми се врати душата...“

*Наташа Голик – 5 години.*

*Сега – лекторка.*

Научив да се молам... Често си спомнувам како во војната научив да се молам...

Рекоа: војна е. Јас – се сеќавам – на пет години не си вообразував никакви слики. Никакви стравови. Но од страв, токму од страв, заспав. И спиев два дена. Два дена лежев

како кукла. Сите мислеа дека сум мртва. Мама плачеше, а баба ми се молеше. Се молеше два дена и две ноќи.

Ги отворив очите и првото што го паметам е – светлина. Јарка светлина, необично јарка. Од таа светлина ми стана мачно. Слушам нечиј глас, го распознавам: тоа е гласот на баба. Стои пред иконата и се моли. „Бабо... Бабо...“ – ѝ довикнав. Не се сврте. Не поверува дека ја викам... А јас веќе се разбудив... ги отворив очите...

– Бабо – потоа ја прашував – како се молеше кога умирав?

– Се молев да ти се врати душата.

По една година умре нашата баба. Веќе умеев да се молам. Се молев да ѝ се врати душата.

А таа не се врати.

„Лежеа на розов јаглен...“

*Катја Коротаева – 13 години.*

*Сега – инженерка-хидротехничарка.*

Ќе ви раскажам за мирисот... Како мириса војната...

До војната завршив шест одделенија. Тогаш имаше таков ред во училиштето, што од четврто одделение сите полагаа испити. И тукушто го бевме положиле последниот испит. Беше јуни, а мај и јуни во четириесет и првата беа студени. Кај нас јоргованот цвета некаде во мај, а таа година расцвета во средината на јуни. И така, почетокот на војната за мене е секогаш поврзан со мирисот на јоргован. Со мирисот на дивите цреши. Овие дрвја секогаш ми мирисаат на војна...

Живеевме во Минск, каде што и се родив. Татко ми беше воен диригент. Одев на воени паради со него. Освен мене, во семејството имаше уште два постари брата. Мене, се разбира, сите ме сакаа и разгалуваа како најмлада, па уште и сестричка.

Претстоеше лето, претстоеше распуст. Беше многу весело. Се занимавав со спорт, одев во Домот на Црвената армија за да пливам во базен. И многу ми завидуваа, дури

и момчињата во класот ми завидуваа. А јас се перчев дека умеам добро да пливам. На дваесет и втори јуни, недела, требаше да се празнува отворањето на Комсомолското[2] езеро. Долго го копаа, го градеа, дури и нашето училиште одеше на саботните акции. Се подготвував да појдам да се искапам меѓу првите. Како инаку!

Наутро беше вообичаено да се оди по свежи земички. Тоа се сметаше за моја обврска. По патот сретнав една другарка. Ми рече дека започнала војна. На нашата улица имаше многу градини, куќарки потонати во цветови. Си помислив: „Каква војна? Што ли си замислила?“

Дома татко ми го подгреваше самоварот... Не успеав ништо да раскажам пред соседите да дотрчаат – сите на усните имаа еден збор: „Војна! Војна!“ А на најстариот брат му донесоа известување утре, во седум наутро, да се појави во воениот комесаријат. Отрча на работа и му ги дадоа парите, си ја зеде платата. Со тие пари дојде дома и ѝ рече на мама: „Одам на фронтот, ништо не ми треба. Земи ги овие пари. Купете ѝ на Катја ново палто.“ А јас, штом бев прешла во седмо одделение, мечтаев да ми сошијат сино волнено палто со сива кожна јака. И тој знаеше за тоа.

До денес помнам дека, заминувајќи на фронтот, брат ми ми даде пари за палто. А живеевме скромно, имаше баеги дупки во семејниот буџет. Но мама ќе ми го купеше палтото, штом брат ми така побарал. Но не успеа.

Почнаа да го бомбардираат Минск. Со мама се преселивме во камениот подрум на соседите. Имав омилена мачка – многу дива, не одеше подалеку од дворот, но кога почнаа да бомбардираат и бегавме од дворот, мачката тргна по мене. Германските бомби летаа со некаков ѕун, со виеж. Бев музикално девојче, тоа имаше големо влијание врз мене. Тие звуци... Беше толку страшно што дланките ми беа мокри. Во подрумот со нас седеше четиригодишното момче на соседите, не плачеше. Само очите му нараснува.

[2] Комсомол (скратено од: Коммунистический союз молодёжи) – Комунистички сојуз на младината (заб. на прев.).

Отпрвин гореа одделни куќи, а потоа се разгоре градот. Ние сакаме да гледаме во огнот, во кладата, но страшно е кога гори домот. Овде огнот доаѓаше од сите страни, небото и улиците ги покриваше чад. И тек-тук имаше силна светлина... Од огнот... Се сеќавам на три отворени прозорци во некаква дрвена куќа, на симсовите – раскошни цветни кактуси. Во куќата веќе немаше луѓе, само кактусите цветаа... Имав чувство дека тоа не се црвени цветови, туку пламен. Цветовите гореа.

Бегавме...

По патот, во селата нè хранеа со леб и млеко, ништо друго немаа луѓето. А ние бевме без пари. Заминав од дома во фустанче, а мајка ми од некоја причина истрча во зимско палто и во чевли со високи потпетици. Нè хранеа така, бесплатно, никој ништо не изустуваше околу парите. Бегалците дотекуваа во толпи.

Потоа некој прв рече дека патот напред е пресечен од германски мотоцикли. Бегавме назад покрај истите села, покрај истите тетки со ведра млеко. Дојдовме на нашата улица... Само пред неколку дена тука имаше зеленило, имаше цвеќе, а сега сè беше изгорено. Дури и од столетните липи ништо не остана. Сè беше изгорено до жолтиот песок. Само песок. Небаре стоиш покрај свежо ископана могила...

Останаа фабричките печки – порано беа бели, а сега гламјосани од силниот пламен. Ништо друго познато... Изгоре целата улица. Изгореа бабите и дедовците и многу малечки деца затоа што не избегаа со сите останати, си мислеа дека нив нема да ги чепнат. Огнот никого не поштеди. Одиш и гледаш легнат црн труп – значи, изгорел стар човек. А ако оддалеку видиш нешто малечко, розово – значи, дете. Лежеа на розов јаглен... Мајка ми ја симна шамијата и ми ги врза очите... Така стигнавме до нашата куќа, до местото каде што пред неколку дена стоеше нашата куќа. Куќата веќе ја немаше. Нè пресретна нашата чудесно спасена мачка. Се притисна до мене – и толку. Никој не можеше

да проговори... Дури ни мачката не мјаукаше. Неколку дена молчеше. Сите занемеа.

Ги видов првите фашисти, дури не ги ни видов, туку ги слушнав – сите имаа потковани чизми, гласно чукаа. Чукаа по нашата калдрма. Ми се чинеше дека дури и земјата ја боли кога минуваат.

А јоргованот така цветаше таа година... Дивата цреша така цветаше...

„А, сепак, ја сакам мама..."
*Зина Косјак – 8 години.*
*Сега – фризерка.*

Прво одделение...

Првото одделение го завршив во мај четириесет и првата година и родителите ме однесоа на летување во пионерскиот логор Городишче во близина на Минск. Пристигнав, се искапав еднаш, а за два дена – војна. Нè сместија во воз и нè одвезоа. Летаа германски авиони, а ние извикувавме: „Ура!" Не разбиравме дека тоа може да бидат туѓи авиони. Сè додека не почнаа да бомбардираат... Тогаш исчезнаа сите нијанси. Сите бои. За првпат се појави зборот „смрт", сите почнаа да го изговараат тој несфатлив збор. А мама и тато не беа во близина.

Кога заминувавме од логорот, секому му насипуваа нешто во навлаката од перницата – некому гриз, некому шеќер. Дури и најмалите не ги заобиколија, на сите им даваа по нешто со себе. Сакаа да земат што е можно повеќе храна за патувањето и многу внимаваа на нив. Но, во возот видовме ранети војници. Јачеа, толку многу ги болеше. Сакав сè да им дадеме на тие војници. Тоа кај нас се нарекуваше „хранење на татковците". Сите војници ги нарекувавме татковци.

Ни раскажуваа дека Минск е запален, целиот изгорел. Таму веќе беа Германците, а ние одевме кон внатрешноста. Одиме таму каде што нема војна.

Патувавме повеќе од месец. Ќе нè испратеа во некој град, ќе дојдевме на адресата, но не можеа да нè остават, зашто Германците беа веќе блиску. И така допатувавме до Мордовија.

Многу убаво место, насекаде цркви. Куќите беа ниски, а црквите – високи. Немаше на што да спиеме, па спиевме на слама. Дојде зимата, а ние имавме по еден пар чизми на четворица. А потоа започна гладот. Не гладуваше само домот за деца, туку и луѓето околу нас, бидејќи сè испраќаа на фронтот. Во домот за деца живееја двесте и педесет деца. Еднаш нè повикаа на ручек, а немаше ништо за јадење. Во трпезаријата седат воспитувачките и директорот, нè гледаат и очите им се полни со солзи. Имавме и една кобила, Мајка... Беше стара и многу мила, на неа пренесувавме вода. Следниот ден ја убија Мајка. И ни даваа вода и малечко парче од Мајка... Но долго го криеја тоа од нас. Инаку не ќе можевме јадеме од неа... За ништо на светот! Тоа беше единствената кобила во нашиот домот за деца. Имаше и два гладни мачора. Скелети! Добро е, си мислевме потоа, што мачорите се толку слаби, нема да треба да ги јадеме. Нема што да се јаде таму.

Одевме со огромни стомаци. Јас, на пример, можев да изедам лонец супа, затоа што во таа супа немаше ништо. Колку ќе ми налеат, толку ќе изедам. Нè спаси природата, бевме како преживари. Напролет околу домот за деца во радиус од неколку километри не расцветуваше ниту едно дрво... Ги јадевме сите пупки, ја лупевме дури и младата кора. Јадевме трева, јадевме сè редум. Ни дадоа морнарски јакни и во тие јакни пробивавме џебови и носевме трева, носевме и џвакавме. Летото нè спасуваше, а зиме стануваше многу тешко. Малите деца, бевме четириесетина, ги сместија одделно. Ноќе – лелек. Викаа по мама и тато. Воспитувачите и учителите се трудеа да не го изговараат пред нас зборот „мама“. Ни ги раскажуваа омилените сказни и избираа книги во кои го нема тој збор. Ако некој одеднаш речеше „мама“, веднаш започнуваше лелек. Безутешен лелек.

Повторно појдов во прво одделение. Вака излезе: првото одделение го завршив со пофална оценка, но кога пристигнавме во домот за деца и нè прашаа кој има преполагање, јас реков дека имам, бидејќи мислев оти преполагањето е, всушност, пофална оценка. Во трето одделение избегав од домот. Тргнав да ја барам мама. Гладна и премалена, во шумата ме најде дедо Болшаков. Разбра дека сум од домот за деца и ме зеде со себе во семејството. Живееја заедно со бабата. Закрепнав и почнав да им помагам во домаќинството: собирав трева, го плевев компирот – сè правев. Јадевме леб, но во него имаше малку леб. Горок. Во брашното додаваа сè што се мелеше: киноа, цвет од орев, компир. До денес не можам мирно да гледам мрсна тава и јадам многу леб. Никако не можам да го прејадам... И по десетици години...

Колку многу, сепак, помнам... Уште колку многу помнам...

Помнам едно лудо девојче кое ќе се прекачеше во нечија градина, ќе најдеше дупка и стражареше покрај неа, чекајќи го глувчето. Ѝ се јадеше. Го помнам нејзиното лице, дури и летното фустанче во кое одеше. Еднаш ѝ пријдов и таа ми... раскажа... за глувчето... Заедно седевме и го чекавме глувчето... Целата војна чекав да заврши војната, со девојчето да впрегнеме коњ и да појдеме да ја бараме мама. Во домот наминуваа евакуираните, сите ги прашував дали ја виделе мајка ми. Имаше многу евакуирани, толку многу што во секоја куќа се чуваше лонец со топла коприва. Ако наминат луѓе, за да имаат нешто топло да каснат. Немаше ништо повеќе да се даде. Но лонец со коприви имаше во секој дом... Тоа добро го помнам. Ја собирав таа коприва.

Војната заврши... Чекам ден, два – никој не доаѓа по мене. Мама не доаѓа по мене, а знаев дека тато е во армијата. Така чекав две недели, немав сили повеќе да чекам. Се качив на некаков воз, се сокрив под клупата и тргнав... Каде? Не знаев. Мислев (тоа сè уште беше детско сознание) дека сите возови возат кон Минск. А во Минск ме чека мама! Потоа ќе дојде тато... Херој! Со ордени, со медали.

Тие загинале некаде при бомбардирањето. Соседите потоа раскажуваа – тргнале да ме бараат мене. Истрчале на станицата.

Веќе имам педесет и една година, имам свои деца. А, сепак, ја сакам мама.

„Толку убави германски играчки..."
*Таиса Насветникова – 7 години.*
*Сега – учителка.*

Пред војната...

Како се сеќавам на себе... Сè беше добро: детската градинка, утринските подготовки, нашиот двор... Девојчињата и момчињата. Јас многу читав, се плашев од црвите и ги сакав кучињата. Живеевме во Витебск, тато работеше во градежништвото. Од детството најдобро од сè запомнив како тато ме учеше да пливам во Двина.

А потоа дојде училиштето. Од училиштето ми остана ваков впечаток: многу широко скалиште, стаклен проѕирен ѕид, многу сонце и многу радости. Имав чувство дека животот е празник.

Првите денови од војната тато замина на фронтот. Се сеќавам на збогувањето на железничката станица... Тато цело време ѝ велеше на мама дека ќе ги изгонат Германците, но сакаше ние да се евакуираме. Мама не разбираше. Зошто? Ако останеме дома, поскоро ќе нè најде. Веднаш. А јас постојано повторував: „Татенце миличок! Само врати се поскоро. Татенце миличок..." Замина тато, за неколку дена заминавме и ние. По патот цело време нè бомбардираа, лесно беше да нè бомбардираат со оглед на тоа дека возовите одзади беа распоредени на петстотини метри. Патувавме со лесен багаж: мама носеше сатенски фустан со бели точки, а јас црвено летно фустанче од басма со цветчиња. Сите возрасни велеа дека црвеното се гледало од горе и при секој налет се фрлаа по грму-

шките, а мене ме покриваа со она што се наоѓаше при рака за да не ми се гледа црвеното фустанче, оти инаку бев како фенер.

Вода пиевме од мочуриштата и каналите. Се ширеа стомачни вируси. Јас исто така заболев. Три дена бев во бессознание... Потоа мама ми раскажа како ме спасиле. Кога сме запреле во Брјанск, на соседниот пат минувала воена композиција. Мама имаше дваесет и шест години, беше многу убава. Нашиот воз стоел долго. Таа излегла од вагонот и некој офицер од соседната композиција ѝ дал комплимент. Мама го замолила: „Тргнете се, не можам да ви ја гледам насмевката. Ќерка ми умира." Се покажало дека офицерот е воен лекар. Се качил во вагонот, ме прегледал и го викнал својот другар: „Брзо донеси ми чај, двопек и беладона." Ете тој војнички двопек... шишето јак чај и неколкуте таблети беладона ми го спасиле животот.

Додека патувавме кон Актјубинск, целиот воз се разболе. Нас, децата, не нè пуштаа онаму каде што лежеа мртвите и убиените, нè оградуваа од таа слика. Слушавме само разговори: таму толкумина закопале во јама, таму толкумина... Мама доаѓаше со пребледено лице, рацете ѝ се тресеа. А јас постојано прашував: „А каде ги снема тие луѓе?" Никакви пејзажи не помнам. Тоа е многу чудно, бидејќи ја сакав природата. Ги запомнував само оние грмушки под кои се криевме. Суводолиците. Од некоја причина ми се чинеше дека никаде нема шума, цело време патуваме среде полиња, низ некаква пустина. Еднаш почувствував таков страв, што по него веќе не се плашев од никакво бомбардирање. Нè предупредија дека возот стои дваесет и пет минути. Кратко. Возот тргна, а јас останав. Сама... Не се сеќавам кој ме крена... Буквално ме фрлија во вагонот... Но не нашиот, туку претпоследниот. Тогаш за првпат се исплашив дека ќе останам сама, а мама ќе замине. Мајка ми – тоа беше мојот свет. Мојата планета. Ако нешто ме болеше, ќе се фатев за раката на мајка ми и болката престануваше. Ноќе секогаш спиев покрај неа, колку поблиску, толку помалку страв. Ако мама

е блиску, се чини дека сè е како порано што беше дома. Ги затвораш очите – нема никаква војна. Мајка ми не сакаше да разговара само за смртта. А јас цело време ја прашував...

Од Актјубинск тргнавме кон Магнитогорск, таму живееше братот на тато. До војната имаше големо семејство, многу мажи, а кога ние пристигнавме, во домот живееја само жени. Сите мажи беа заминати во војна. На крајот од четириесет и првата добивме две посмртници – загинале чичовите синови...

Од таа зима останаа во сеќавање и сипаниците што цело училиште ги прележа. И црвените панталони... Според боновите мама доби парче темноцрвена ткаенина и од неа ми соши панталони. И децата ме задеваа: „Монах во црвени панталони." Многу ме повредуваше. Малку подоцна според боновите добивме и галоши. Ги подврзував и така трчав. Ме разрануваа кај зглобовите на прстите, па така цело време морав да подметнувам нешто под петиците, за да ги поткренам и да ги нема тие рани. Но зимата беше толку студена, што цело време ми смрзнуваа рацете и нозете. На училиште често се расипуваше греењето, во училниците водата замрзнуваше на подот и се лизгавме меѓу клупите. Седевме во палта, во ракавици, само им ги сечевме прстите за да можеме да држиме пенкало. За тоа строго нè казнуваа. Покрај тоа, сите ние многу читавме. Како никогаш... Ја прочитавме детската библиотека, младинската. И почнаа да ни даваат книги за возрасни. Другите девојчиња се плашеа... Дури и момчињата не сакаа, ги испуштаа оние страници каде што се пишуваше за смртта. А јас читав.

Падна многу снег. Сите деца истрчаа на улица и правеа снешковци. А јас се чудев: како може да прават снешковци и да се радуваат кога е војна. Возрасните постојано слушаа радио, без радио не можеа да живеат. И ние исто така. Се радувавме на секоја прослава во Москва, ја преживувавме секоја порака: како е таму на фронтот? Во подземјето, кај партизаните? Излегоа филмови за битката кај Сталинград

и кај Москва, ги гледавме по петнаесет-дваесет пати. Трипати по ред ќе ги пуштат, и трипати ќе ги гледаме. Филмови пуштаа на училиште, немаше специјална киносала, ги пуштаа во ходникот, а ние седевме на подот. По два-три часа седевме. Ја запомнував смртта... Мама ме караше за тоа. Се советуваше со доктори зошто сум таква... Зошто ме интересираат такви недетски нешта како смртта? Како да се научам да мислам на детското... Се изначитав сказни... Детски сказни... Што забележав повторно? Забележав колку многу убиваат таму. Многу крв. Тоа стана откритие за мене...

На крајот од четириесет и четвртата година... Ги видов првите заробени Германци... Одеа во широка колона по улицата. И ме запрепасти тоа што луѓето им приоѓаа и им даваа леб. Толку ме запрепасти тоа, што отрчав кај мајка ми на работа за да ја прашам: „Зошто нашиве луѓе им даваат леб на Германците?“ Мајка ми ништо не рече, само заплака. Тогаш го видов првиот мртовец во германски облик, одеше во колоната и падна. Колоната застана и тргна понатаму, а покрај него поставија наш војник. Притрчав... Ме влечеше желбата да ја видам смртта одблизу, да застанам покрај неа. Кога на радио објавуваа за загубите на противникот, секогаш се радувавме... А сега... Видов... Човекот небаре спиеше... Дури и не лежеше, туку седеше, подвиткан, главата благо потпрена на рамето. Не знаев дали треба да го мразам или да го жалам? Тоа беше непријател. Наш непријател! Не се сеќавам дали беше млад или стар. Беше преморен. Поради тоа ми беше тешко да го мразам. И за тоа ѝ раскажав на мајка ми. А таа повторно плачеше.

На деветти мај изутрина нè разбуди некој што се беше развикал во влезот. Уште беше многу рано. Мајма појде да дознае што се случило и дотрча растреперена: „Победа! Зарем навистина победа?“ Беше толку необично: војната заврши, толку долгата војна. Некој плачеше, некој се смееше, некој викаше... Плачеа оние што ги загубија блиските и се радуваа поради тоа што, сепак, тоа беше – Победа! Некој имаше грст гриз, некој компир, некој цвекло – сè се носе-

ше во еден стан. Никогаш нема да го заборавам тој ден. Тоа утро... Дури и приквечерината веќе не беше така...

Во војната сите од некоја причина зборуваа тивко, ми се чинеше дека дури и шепотат, а сега одеднаш сите проговорија гласно. Цело време бевме со возрасните, нè гостеа, нè галеа и нè бркаа: „Одете надвор. Денес е празник." И нè викаа назад. Никогаш не нè прегрнуваа и бакнуваа толку колку тој ден.

Јас сум среќен човек, тато се врати од војната. Донесе убави детски играчки. Беа германски. Не можев да разберам како можеа да бидат германски толку убавите играчки...

И со татко ми се обидував да врзам разговор за смртта. За бомбардирањата, кога со мама се евакуиравме... Како долж коловозот на обете страни лежеа мртви нашите војници. Лицата им беа покриени со гранчиња. Над нив зуеја муви... Роеви муви... За мртвиот Германец... Му раскажав за таткото на другарка ми, кој се врати од војната и по неколку дена умре. Умре од срцева болест. Не можев да разберам: како може да се умира по војната, кога сите се среќни?

Тато молчеше.

„Грутка сол... Сè што остана од нашиот дом..."

*Миша Мајоров – 5 години.*

*Сега – доктор по земјоделски науки.*

Во војната ги сакав соништата. Ги сакав соништата за мирниот живот, за животот пред војната...

Прв сон...

Баба ми излегува накрај со домаќинството... Го чекам овој момент. Ја поместува масата до прозорецот, го распостелува материјалот, го обложува со вата, ја прекрива со друго парче материјал и почнува да го прошива јорганот. И јас имам работа: од едната страна на јорганот баба ми забива шајчиња и за нив редум врзува коноп протриен со креда, а јас го оптегнувам од другата страна. „Влечи, Мишенка,